## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**421.**

Врз основа на член 64 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07,88/10, 36/11, 53/11 и 136/11), министерот за здравство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КЛИНИЧКИТЕ ИСПИТУВАЊА НА ЛЕКОВИТЕ И СОДРЖИНАТА НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за клиничките испитувања на лековите и содржината на документацијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/09,91/10) во член 24 во ставот 2 по точката 3. се додава нова точка 3-а која гласи:

"доказ дека набљудувачот на клиничкото испитување е соодветно овластен од спонзорот на клиничкото испитување согласно со член 2 точка 21 од овој правилник, и е вработен во фирма запишана во Централниот Регистар на Република Македонија".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-410/1
18 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**422.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА - БАЊА БАНСКО**

1. Се дава согласност на Статутот на Ј.У Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско, број 01-1140/1 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 27.12.2011 година .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-204/2
20 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**423.**

Врз основа на член 41 став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11 и 6/12 ), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилник за формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/11) образецот во Прилогот се заменува со нов образец, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-533
17 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

Прилог

**Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување**

---

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице – производител на отпад пакување

---

се потврдува дека има склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување под број ___________ и датум ___ со правното лице за постапување со отпад од пакување, __________________________ (назив и седиште на правното лице) , кое поседува дозвола за постапување со отпад од пакување ____________________ со датум на издавање _________.

_______________________ _______________________

потпис на одговорно лице

Место и датум на издавање

печат

**424.**

Врз основа на член 40 став (3) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 47/11 и 148/11), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ**

Член 1

Во Правилник за формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/11) образецот во Прилогот се заменува со нов образец, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-534
17 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

Прилог

**Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори**

___

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице – производител на отпадни батерии и акумулатори

___

се потврдува дека има склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпадни батерии и акумулатори под број ___________ и датум________ со правното лице за постапување со отпадни батерии и акумулатори, _______________________________ (назив и седиште на правното лице) , кое поседува дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори ____________ со датум на издавање _________.

________________________ ________________________

потпис на одговорно лице

Место и датум на издавање

печат